Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство
Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните
Сектор за инспекциски надзор

ПР 8.5-1.1-08в01

# Процедура за следење на мониторингот на инфестација со Trichinella кај приемчива популација на домашни и диви животни

Март 2019 година

Содржина:

1. ПРЕДМЕТ ..... 3
2. ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА ..... 3
3. ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ ..... 3
4. ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА ..... 4
5. ОПИС НА ПРОЦЕДУРА ..... 4
5.1 ОПШТИ ОДРЕДБИ ..... 4
5.2 ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ ..... 5
5.3 ПРОТОК НА ИНФОРМАЦИИ ОД ИСХОДОТ ПРИ ЗЕМАЊЕТО ПРИМЕРОЦИ ..... 5
5.3.1 Примероци од домашни свињи ..... 5
5.3.2 Примероци од диви свињи ..... 6
5.4 ИЗВЕШТАЈ ..... 7
6. ДОСТАПНОСТ ..... 8
7. ВОВЕДУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ ..... 8
8. АРХИВИРАЊЕ ..... 8
9. РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ ..... 9
ДИЈАГРАМ НА ПРОЦЕДУРАТА ..... 10

## 1. ПРЕДМЕТ

Предметот на процедурата е уредување на постапката за следењето на мониторингот на инфестацијата со Trichinella кај приемчивата популација на домашни и диви животни како и уредувањето на процесот на протокот на информациите, анализа и подготовката на извештаи од податоците од официјалните контроли, исходот на резултатите од лабораториските испитувања како и податоците од други извори, а поврзани се со присуство на Trichinella во месото.

## 2. ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Оваа процедура се применува во Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните (во продолжение: СЗЗБЖ) и Секторот за инспекциски надзор (во продолжение: СИН).

## 3. ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

Поимите дефинирани со Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 124/15, 154/15 и 53/16) , Законот за безбедност на храната („Службен Весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18) и Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 27/14, 149/15 и 53/16) се применуваат и во оваа процедура.

**Кратенки**

| | |
|---|---|
| **АХВ** | Агенција за храна и ветеринарство, |
| **СЗЗБЖ** | Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, |
| **ОДИВЈЗ** | Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, |
| **ОЗЗЖ** | Одделение за здравствена заштита на животните, |
| **ОДИЗЗЖ** | Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните, |
| **ОВ** | Официјални ветеринари, |
| **НРЛ** | Лабораторија назначена за официјални контроли, |
| **АЛ** | Лаборатории со акредитирани методи, |
| **ИСАХВ** | Информационен систем на Агенција за храна и ветеринарство, |
| **РБО** | Регистерски број на одгледувалиште, |
| **ИЈЗ** | Институт за јавно здравје, |
| **ЕЕ** | ЕпизотиолошкаЕдиница. |

## 4. ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА

Спроведувањето на Повеќегодишниот контролен план за мониторинг на инфестација со Trichinella кај приемчива популација на домашни и диви животни како и Оперативниот план за управување со кризи во однос на храната и храната за животни - Трихинелоза опфаќаат надлежности од повеќе сектори во Агенцијата и одговорностите се поделени согласно надлежностите. Одговорноста за спроведување на оваа постапка кај:

- Директор на Агенцијата за храна и ветеринарство,
- Раководител на Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните,
- Раководител на Сектор за ветеринарно јавно здравство,
- Раководител на Секторот за инспекциски надзор,
- Официјални ветеринари,
- Претставници од лаборатории.

Носител на одговорноста за изготвувањето и ажурирањето на ова процедура, како и следењето на појавата на болеста и подготовката на извештајот за трендовите и состојбата со болеста е Одделението за здравствена заштита на животните (во продолжение: ОЗЗЖ) во Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните (во продолжение: СЗЗБЖ).
Носител на одговорноста за следењето и прибирањето на податоците од испитувањата на приемчива популација на домашни и диви животни како и овластувањата за спроведување на одредбите од законските и подзаконските акти при службената контрола се официјалните ветеринари од СИН.
Носител на одговорноста на доставувањето на информациите од испитаните примероци се лабораториите/кланиците кои се во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните за тековната година и кои користат референтните методи за детекција на Trichinella согласно Правилникот за посебните барања за контрола на Trichinella во месото („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 82/2016).

## 5. ОПИС НА ПРОЦЕДУРА

### 5.1 ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во основа мониторингот на инфестацијата со Trichinella кај приемчивата популација на домашни и диви животни се состои од анализа на податоци од испитувањата поделени во три категории и тоа:

1. Земање и анализа на примероци од домашни свињи:
   - Од сите свињи заклани во кланица од одгледувалишта или оддели кои се без статус на одгледувалиште или оддел со контролирани услови;
   - Од сите свињи заклани за сопствена употреба откако ќе стапат на сила прописите кои ја уредуваат оваа;
   - Од 10 % товеници заклани во кланица на годишно ниво, како и од сите маторици и нерези заклани во кланица од одгледувалишта или оддели со статус на контролирани услови на одгледување;
2. Земање и анализа на примероци од диви животни:
   - Од сите отстрелани диви свињи во текот на ловната сезона во тековната година (ловната сезона започнува на 01-ви Октомври во тековната година и трае до 31-ви Јануари во наредната година);
   - Од 300 отстрелани лисици на годишно ниво со регионална застапеност согласно планот предвиден со договорот за земање на примероци од диви животни и птици заради контрола, сузбивање и искоренување на заразни болести на територија склучен помеѓу Агенцијата и ловни друштва / концесионери на ловиштата.
   - Од други диви животни приемчиви на болеста пронајдени угинати или по сомнеж на болеста.
3. Пријавени случаи од хумана популација:
   - податоци доставени од Институтот за јавно здравство (во продолжение: ИЈЗ) за појавата и движењата на заразните болести.

## 5.2 ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ

Испитувањата на примероците од приемчивата популација на домашни и диви животни се врши во лаборатории со акредитирани референтни методи дадени во Правилникот за посебни барања за контрола на Trichinella во месото.
Лабораториите/кланиците имаат обврска за достава на информации од испитаните примероци во форма на месечен извештај заклучно со 01-ви во наредниот месец за претходниот месец до официјалниот ветеринар надлежен за контрола на кланицата/епизотиолошка единица.

## 5.3 ПРОТОК НА ИНФОРМАЦИИ ОД ИСХОДОТ ПРИ ЗЕМАЊЕТО ПРИМЕРОЦИ

Официјалниот ветеринар од СИН за спроведените активности кои произлегуваат од законските и подзаконските акти за контрола на трихинелозата има обврска да достави информација до СИН и до ОЗЗБЖ, во утврдени временските рамки и тоа:

5.3.1 Примероци од домашни свињи

5.3.1.1 <u>Проток на информации од анализи со негативен исход</u>

Без разлика дали примероците се земени од одгледувалишта со или без статус на контролирани услови на одгледување, известувањата за извршените лабораториските испитувања со негативен исход т.е. отсуството на инфестацијата на Trichinella во испитуваните примероци треба да се испратат од страна на кланицата во форма на месечен извештај на образец ОБ 8.5-4.2-54в01 Месечен извештај за заклани свињи и испитани примероци за дијагностика на Trichinella во месо заклучно со 01-ви во наредниот месец за претходниот месец, до официјалниот ветеринар од ОДИВЈЗ надлежен за контрола на кланицата. Официјалниот ветеринар е должен да изврши официјална контрола за верификација на податоците и заклучно до 05-ти во тековниот месец за претходниот месец да го достави извештајот од сите кланици во негова надлежност до ОДИВЈЗ и до ОЗЗБЖ задолжено за анализа на податоците.

5.3.1.2 <u>Проток на информации од анализи со позитивен исход</u>

Со оглед дека исходите од анализите се поврзани со примената на санитарни мерки, известувањето од анализите на примероците се приоритетни. При утврден позитивен наод на присуство на Trichinella во месото во кланицата се применува Оперативниот план за управување со кризи во однос на храната и храна за животни –трихинелоза..
Официјалниот ветеринар задолжен за контрола на кланицата и Официјалниот ветеринар задолжен за епидемиолошката единица каде се наоѓа одгледувалиштето од каде потекнува утврден наод на присуство на Trichinella во месото од закланото животно во рок од пет дена по добивањето на резултатот треба да достават до СИН и до ОЗЗБЖ извештај за постапеност по сомнителен/позитивен наод на Trichinella на образец ОБ 7.5.3-07в02 Образец за внатрешна комуникација.

5.3.2 Примероци од диви свињи

5.3.2.1. <u>Проток на информации од анализи со негативен исход</u>

Официјалниот ветеринар од ОДИЗЗБЖ е должен да изврши официјална контрола за на ловното друштво /концесионер на ловиштата за верификација на податоците од земените примероци испратени за анализа на присуство на Trichinella во месото од од диви свињи и заклучно до 05-ти во тековниот месец за претходниот месец да ги достави податоците на образец ОБ 8.5-4.1-09в03 Месечен извештај за работата на официјален ветеринар до ОДИЗЗБЖ. ОДИЗЗБЖ сумираните податоци добиени од месечните извештаи за земените и испратените примероци од диви свињи за испитување на Trichinella во месото ги доставува до ОЗЗБЖ кое е задолжено за анализа на податоците.

5.3.2.2 Проток на информации од анализи со позитивен исход

Со оглед дека исходите од анализата се поврзани со примената на санитарни мерки, известувањето за анализите на примероците се приоритетни. При утврден позитивен резултат на присуство на Trichinella кај диви свињи, се применува Оперативниот план за управување со кризи во однос на храната и храна за животни –трихинелоза бр.02-4153/2 од 25.12.2018 година.
Официјалниот ветеринар надлежен за епизотиолошката единица каде е заловена дивата свиња во рок од пет дена по добивањето на резултатот треба да достават до СИН и до ОЗЗБЖ извештај за постапеност по сомнителен/позитивен наод на Trichinella на Образец за внатрешна комуникација ОБ 7.5.3-07в02.

## 5.4 ИЗВЕШТАЈ

Одделението за здравствена заштита на животните е одговорно за следењето на појавата на болеста и изготвување на квартални извештаи за состојбата со болеста како и подготовка на годишен извештај за движењата и трендовите на појавата на болеста врз основа на сумирање на доставените податоци од официјални контроли и податоци од извршените лабораториските испитувања од мониторингот на инфестацијата со Trichinella кај приемчива популација на домашни и диви животни.

Кварталниот извештај треба да ги содржи најмалку следниве информации и тоа: вкупен број на земени и испитани примероци по видови и категории, извештај од спроведените постапки во случај на сомнителен/позитивен наод на Trichinella како и постапка на верификацијата на видовите на Trichinella од страна на назначена акредитирана лабораторија за официјални контроли или референтна лабораторија на Европската Унија;

Годишниот извештај треба да ги содржи најмалку следниве податоци:
(а) бројот на случаи (увезени или автохтони) на трихинелоза кај луѓе
(б) податоци од испитувањата на Trichinella кај домашните свињи кои не се одгледани во одгледувалишта одобрени за примена на контролирани услови за одгледување (резултатите треба да ја вклучат возраста и полот на засегнатите животни, типот на системот на одгледување, типот на употребената дијагностичка метода, степенот на инфестираност, и какви било релевантни дополнителни информации);
(в) податоци од испитувањата на Trichinella кај расплодни свињи и нерези коирезултати треба да ги вклучуваат информациите од точката (б);
(г) податоци од испитувањата на Trichinella кај трупови од диви свињи, коњи, дивеч и кои било други животни-индикатори;

(д) податоци од серолошки испитувања на свињи кои доаѓаат од одгледувалишта или оддели официјално регистрирани како одгледувалишта кои применуваат контролирани услови за одгледување, со цел верификација на неинфестираност со Trichinella во наведената популација;
(ѓ)други случаи каде што постои сомневање на Trichinella, без разлика дали е увезена или автохтона, и сите релевантни лабораториски резултати;
(е)извештај за постапеност од сите позитивни резултати и верификацијата на видовите на Trichinella од страна на националната референтна лабораторија или референтна лабораторија на Европската Унија;
(з) податоци од извршени контроли на одгледувалишта или оддели одобрени за примена на контролирани услови за одгледување, степен на усогласеноста со барањата од Правилникот за посебните барања за контрола на Trichinella во месото.

Извештаите се доставуваат до директорот на Агенцијата, заменик на директорот на Агенцијата, раководителот на секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, раководителот на секторот за инспекциски надзор и раководителот на секторот за ветеринарно јавно здравство.

## 6. ДОСТАПНОСТ

- Директор
- Заменик директор
- Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните
- Сектор за ветеринарно јавно здравство
- Сектор за инспекциски надзор
- Менаџер за квалитет
- Оператори со храна/кланици
- Акредитирани лаборатории
- Концесионери на ловишта

## 7. ВОВЕДУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ

/

## 8. АРХИВИРАЊЕ

Архивирањето се врши согласно:
Процедурата за управување со документи, Процедурата за управување со записи, Планот за архивски знаци на АХВ и Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 41/14, 72/15, 148/15 и 169/15).

## 9. РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ

- Закон за ветеринарно здравство („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 136/11, 24/12, 123/12, 154/15 и 53/16);
- Закон за безбедност на храна („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18);
- Правилник за посебните барања за контрола на Trichinella во месото („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 82/16) ;
- Правилник за посебните барања за храната од животинско потекло („Службен Весник на Република Македонија“ бр.28/16);
- Годишна наредба за здравствена заштита на животните за 2019 година („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 3 /19) ;
- Оперативниот план за управување со кризи во однос на храната и храната за животни – Трихинелоза бр.02-4153/2 од 25.12.2018 година;
- Повеќегодишниот контролен план за мониторинг на инфестација со Trichinella кај приемчива популација домашни и диви животни за период 2019-2023 година;

## 10. ЗАПИСИ

1. Образец ОБ 8.5-4.2-54в01 Месечен извештај за заклани свињи и испитани примероци за дијагностика на Trichinella во месо ;
2. Образец ОБ 8.5-4.1-09в03 Месечен извештај за работата на официјален ветеринар ;
3. Образец ОБ 7.5.3-07в03 Образец за внатрешна комуникација ;

Изработил: Наташа Антовска
Контролирал: Благојчо Табаковски
Одобрил:Вања Кондратенко
Одобрил: Ванчо Новоселски

**Директор,**
**Зоран Атанасов**

______________________

ДИЈАГРАМ НА ПРОЦЕДУРАТА

1.Негативен исход



2.Позитивен исход

